Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

RURAL
REVIVAL

ПРОЕКТ:
**Зголемување на конкурентноста на регионалниот туризам преку поддршка на развојот на руралниот и културниот туризам во прекуграничниот регион на Бугарија и Македонија**

## РУРАЛНА ПРЕРОДБА

МАРШУТА

# УМА - СМРДЛИВА ВОДА - КОЖУФ - СЕРМЕНИН

Оваа маршута ве води низ убавините на планината Кожуф за да откриете села, кои се вгнездени длабоко во планината. Оваа маршута е за љубителите на планинарењето, за луѓе кои сакаат да пешачат и кои јасакаат планината.

ЕВРОПСКА УНИЈА
Проектот е кофинансиран од Европската Унија преку ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија - Македонија



## УМА

Ума или Хума се наоѓа во областа Влахомеглен во југозападниот дел на територијата на општина Гевгелија. Селото е на надморска височина од 820 метри во пазувите на Кожуф планина, на само 250 метри од македонско – грчката граница. Селото е оддалечено 20 км од Гевгелија. Во близина на селото тече Конска река, која важела порано за река која носи злато и во поранешната држава Југославија била рангирана како втора златоносна река. Оваа река извира над туристичката населба – Смрдлива вода. Селото, иако е лоцирано надвор од главните патишта, сепак тоа е во најголем дел поврзано со асфалт со регионалниот пат Гевгелија – Смрдлива вода. Во врска со Ума има интересна легенда, која вели дека војниците на Александар III Македонски со земјата од ова место правеле смеса, со која ги лечиле своите рани.

Жителите од населбата Ума како и другите мегленски села во регионот се Власи. Интересно е што од мегленските села кои се осум, само Ума денес се наоѓа на територија на Р. Македонија и сите тие зборуваат еден специфичен мегленски дијалект. Ума порано имала 500 жители, кои сите биле Власи и со христијанска вероисповед. Денешното село Ума, пред се претставува викенд населба, бидејќи со својата планинска клима, претставува идеално место за одмор особено во летните жешки денови.

Православниот храм „Св.Панталејмон“ е подигнат во 1862 година, тој е лоциран во центарот на селото на една зарамнета падина од ритчето и е релативно добро сочуван. Црквата била обновена во 1997 година.




## СМРДЛИВА ВОДА

На 13 км од Ума се наоѓа туристичката населба Смрдлива вода, сместена на надморска височина од 712 метри. Се наоѓа во атарот на селото Коњско, помеѓу врвовите Аџибарица, Белези и Флора. Изворот е познат по минералната вода и нејзината лековитост за стомачни и заболувања на желудникот и бубрезите. Оваа туристичка населба има вили, кои се издаваат, а исто така и ресторан.



## КОЖУФ

Маршутата ја продолжуваме кон ски центарот Кожуф, кој се простира на надморска височина од 1.500 до 2.200 метри надморска височина. Тој е еден од главните туристички атракции во регионот и особено во зима може да се видат многубројни туристи, кои доаѓаат да скијат по падините на Кожуф. Патот од ски центарот до селото Серменин е во должина од 27 км, при што потежок е делот во последните 7 км.



## СЕРМЕНИН

Серменин се наоѓа северозападно од градот Гевгелија, во пазувите на Кожуф Планина на надморска височина од 540 до 600 мерти. Селото се протега на височрамнина свртена кон југ и низ него протекува Серменинска Река, која се влива во реката Вардар. Серменин е оддалечено 18 км од Гевгелија и има атар од 72 км², при што најголем дел е шумски регион, а сосем мал е обработливо земјиште. Серменин во XIX век бил и прочуено место за лекување од белодробни болести, каде што на лекување доаѓале дури и турски аги и бегови. Тогаш го добива и прекарот „воздушна бања“, заради провевот на чистиот плански воздух, кој што секогаш прострујува низ ова село. Денес Серменин е село со мал број на жители, но со стотина изградени викендици. За време на викендите и во летните денови, селото е масовно посетено. Селото го одбележува празникот посветен на „Св.Ѓорѓи“, секоја година на 6 мај. Црквата „Свети Ѓорѓи“ е главниот храм на Серменин. Црквата е изградена 1834 година, а обновена е кон крајот на XIX век, од страна на градителот Андон Китанов.

**Сместувачки капацитети:**

- Приватни вили во туристичка населба „Смрдлива вода“
- Ски центар „Кожуф“ - три сместувачки капацитети: „Сместување Кожуф“, вила „Грин хаус“ и вила „Тодоров“.

**Културен календар:**

- Селска слава во Серменин на 6 мај за празникот „Св.Ѓорги“,
- Селска слава во Ума на 9 август, за празникот „Св.Панталејмон“

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

**ПРОЕКТНИ ПАРТНЕРИ**

PROMOIDEA
CENTER FOR DEVELOPMENT AND PROMOTION

**Здружение Центар за развој и промоција „Промо Идеа“ - Струмица**

ул. „Братство единство“ бр. 8-13
2400 Струмица, Република Македонија
Тел: +389 34 612 697
contact@promoidea.org.mk • www.promoidea.org.mk

ASSOCIATION SAVREMIE
www.savremie.org

**Здружение „Савремие“ - Сандански**

ул. „Кирил и Методиј“ бр. 5
2800 Благоевград, Република Бугарија
Тел: +359 876882050
savremie@yahoo.com

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружение Центар за развој и промоција „Промо Идеа“ - Струмица и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

RURAL
REVIVAL

PROJECT:

**Raising the competiti veness of regional tourism by supporting the development of rural and cultural tourism in the cross-border area of Bulgaria and Macedonia**

**RURAL REVIVAL**

ROUTE

## UMA - SMRDLIVA VODA - KOZHUF - SERMENIN

This route takes you to the beauties of the mountain Kozhuf to explore the villages nested deep in the mountain. This route is for mountaineers, for people who want to walk and who love the mountain.

EUROPEAN UNION

The project is co-funded by EU through the Interreg-IPA Cross-Border Cooperation Programme Bulgaria - Macedonia Programme



## UMA

Uma or Huma is located in the area of Vlahomeglen in the southwest part of the territory of Municipality of Gevgelija. The village is located at an altitude of 820 meters in the bosom of Kozhuf, at only 250 meters from the Macedonian – Greek border. The village is 20 km away from Gevgelija. In the vicinity of the village flows the river Konska, which used to be a river which brings gold, and in the Former state of Yugoslavia was ranked as a second gold-bringing river. The village, although located outside the main roads, is mainly connected with asphalt to the regional road Gevgelija – Smrdlivavoda. There is an interesting legend, which tells that the soldiers of Alexander the Great made a mixture with this land, with which they healed their wounds.

The residents from this settlement as well as the other meglenic villages, are Vlachs. It is interesting that only Uma out of the eight meglenic villages, is today on the territory of R. Macedonia and they all speak one specific meglenic dialect. Uma used to have 500 residents, and all were Vlachs of Christian religion. Today,Uma is a weekend destination, because with its mountainous climate represents an ideal place for vacation especially in the hot summer days

The orthodox temple “St. Pantheleymon” was raised in 1862, located in the center of the village on a flattened slope of the hill and it is relatively well-kept. The church was renewed in 1997.




## SMRDLIVA VODA

13 km away from Uma is the tourist settlement “Smrdliva voda”, located at an altitude of 712 meters. It is located in the vicinity of the village Konjsko, among the tops Adzibarica, Belezi and Flora. The spring is famous for the mineral water and its healing power for abdominal and diseases of the stomach and kidneys. This tourist settlement owns villas for rent and a restaurant, as well.



## KOZUF

We continue our route towards the ski center Kozhuf, located at an altitude of 1.500 to 2.200 meters. It is one of the main tourist attractions of the region, especially in the winter when numerous tourists are there, coming to ski on the slopes of Kozhuf. The path to the ski center of the village Sermenin is 27 km long, the harder part being the last 7 km.



## SERMENIN

Sermenin is located northwest from the city of Gevgelija, in the bosom of Kozhuf Mountain at an altitude of 540 to 600 meters. The village extends south on a plateau and Sermeninska River flows through it, which flows into the river Vardar. Thevillageisconnected mostly with an asphalt road with the village Negorci. Sermeninis 18 km away from Gevgelija and takes an area of 72 km², most of it being a forest region, and only a little part - arable land. In the 19thcentury, Sermenin was a popular place for healing pulmonary diseases, where even Turkish agas and beys came to the treatment. This is when the nickname “air bath” was received, because of the draft of clean mountainous air, which always stretches through this village. Today, Sermenin is a village with a small number of residents, but with hundreds of weekend houses. During the weekends and in the summertime, the village is massively visited. The village celebrates the holiday dedicated to “St. Gjogji”, each year on the 6th of May. Thechurch “St. Gjorgji” is the main temple of Sermenin. It was built in 1834, and renewed at the end of 19th century, by the architect Andon Kitanov.

**Accommodation capacities:**

- Private villas in the tourist settlement “Smrdliva voda”
- Ski center “Kozhuf” – three accommodation capacities: “Accommodation Kozhuf”, villa “Green House” and villa “Todorov”.

**Culture calendar:**

- The village celebration in Sermenin - 6th of May, (“St. Gjorgji”),
- The village celebration in Uma - 9th of August, (“St. Pantheleymon“)

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

**PROJECT PARTNERS**

PROMOIDEA
CENTER FOR DEVELOPMENT AND PROMOTION

**Association Center for development and promotion “Promo Idea” - Strumica**

str. „Bratstvo edinstvo“ no. 8-13
2400 Strumica, Republic of Macedonia
Tel: +389 34 612 697
contact@promoidea.org.mk • www.promoidea.org.mk

ASSOCIATION SAVREMIE
www.savremie.org

**Association “Savremie” - Sandanski**

str. “Cyrill and Methodius” no. 5
2800 Blagoevgrad, Republic of Bulgaria
Tel: +359 876882050
savremie@yahoo.com

This publication has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication is the sole responsibility of Association Center for development and promotion “Promo Idea” - Strumica and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.